# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД АНОНИМНИОТ ПРАШАЛНИК СПРОВЕДЕН ВО РАМКИ НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ЕДУКАЦИЈА

## ЗА УЧЕНИЦИ ОД СЕДМО ДО ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ПОД НАСЛОВ

## „БИДЕТЕ ХЕРОИ НА ЧЕСНОСТА”




Скопје, Јуни 2023

По иницијатива на Државната комисија за спречување на корупција, во рамки на проектот „Активност за антикорупција и интегритет“, финансиран од УСАИД, а спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), во периодот од 17 до 25 мај 2023 година се реализира првиот дел од антикорупциска едукација под наслов „Бидете херои на чесноста”. Со проектот до крајот на годината ќе бидат опфатени 13 училишта, од кои во првата фаза се посетени 5 основни училишта на територијата на град Скопје, во која учествуваа ученици од седмо до деветто одделение. За време на антикорупциската едукација се спроведе и кратка анкета во однос на темата со цел да се согледаат искуствата, разбирањата и мислењата на учениците за добивањето на нереални повисоки оценки, причините за нереални оценки како и пријавувањето на неправди.

Истражувањето спроведено во првата фаза, се спроведе со пополнување на анонимен прашалник од страна на 289 ученици кои беа дел од слушателите на антикорупциската едукација.

Концептот на прашалникот се однесуваше на давање на одговор на четири прашања, во однос на добивање на повисоки незаслужени оценки, која е причината за таквата појава, кај кого се чувствуваат сигурни да ги пријават неправдите и дали имаат пријавено неправда. Од добиените одговори во однос на прашањето дали се случило со ученикот/ата да добива повисоки оценки со помалку знаење, добиените податоци беа поразителни, бидејќи 60,2% одговориле со Да, додека 28,0% одговориле дека се случува понекогаш, но само 11,8% од испитаниците одговориле дека не се случило да има добивање на повисоки оценки со помало знаење.



Во однос на причината за добивање на незаслужени повисоки оценки 78,8% од учениците одговориле дека причината е поради тоа што „Родителите фаќаат врски кај наставниците” , 11,0% причината ја гледаат во „Наставниците користат лични услуги од родителите” и приближно ист процент односно 10,3% сметаат дека е поради „Наставниците прифаќаат убави подароци од родителите”.




На прашањето каде се чувствуваат сигурни да ја пријават доживеаната неправда или пак бил сведок на истата, најголема сигурност од 48,2% од учениците чувствуваат кај своите родители или старатели, на второ место е наставникот со 21,6% од одговорите, следат одговорите дека не доживеале неправда со 15,1%, следен е директорот на училиштето со 6,6% и педагог/психолог со 5,9% од добиените одговори. Освен наведените модалитети дел од нив односно 2,6% навеле дека сигурноста ја чувствуваат кај своето другарче или пак не ја пријавиле.



Како последно прашање е прашањето дали има пријавено неправда и од добиените одговори 56,7% од учениците одговориле дека не пријавиле неправда, додека само 43,3% дека ја имаат пријавено доживеаната неправда.




Како краен заклучок од спроведената анонимна анкета е дека учениците се сведоци на ставање на повисоки оценки со помало знаење. Оваа состојба е потврдена минатата година кога е спроведен квалификациски испит за упис на учениците во прва година во СУГС „Орце Николов”. Спроведено е тестирање по предметите македонски јазик и математика, на учениците од основно образование поради поголемиот број на кандидати од бројот на слободни места, на учениците со просек 5,0 со цел да се направи ранг листа за избор на кандидати. Резултатите што се добиени се фатални, бидејќи само 3,76% освоиле над 129 бодови од можни 170 бода, додека најголемиот број од нив односно 45,55% имаат освоено од 67 до 106 бодови. Од овој квалификациски испит може да се потврдат добиените претходни наоди од спроведената анонимна анкета, дека е реалност добивањето повисоки оценки од заслужените[1].

Кога се разгледуваат одговорите според одделни училишта може да констатираме дека состојбата во однос дали се случило добивање на повисоки оценки со помалку знаење, во 4 училишта процентот на нереални оценки е многу висок, но во ООУ „Војдан Чернодрински“ тој процент е помал и изнесува 68,0% за разлика од останатите училишта каде овој процент достигнува до 98,2% од добиените одговори. Причината за добивање на повисоки оценки со помало знаење во ова училиште се врските кои ги фаќаат родителите кај наставниците, односно 93,5% од одговорите ја потврдиле причината.

Во однос на чувството на сигурност да ја пријават неправдата како исклучок каде учениците имаат повисока сигурност за пријавување кај наставникот отколку кај родител/старател е во ООУ „Братство” со 60,9% во однос на родител/старател со 19,6% од добиените одговори и во ООУ „Браќа Рамиз и Хамид” со 36.6% , во однос на родител/старател со 23,9%.

[1] https://orcenikolov.edu.mk/mk/wp-content/uploads/2022/06/Za-web-testiranje-2.pdf

Состојбата според добиените одговори од училиштата е прикажана на следните графикони:

ООУ „Петар Поп Арсов” со зелена боја,

ООУ „Коле Неделковски” со портокалова боја,

ООУ „Братство” со сива боја,

ООУ „Браќа Рамиз и Хамид” со жолта боја и

ООУ „Војдан Чернодрински” со сина боја.







III. Ако си доживеал/а неправда или пак си бил/а сведок на истата, каде се чувствуваш сигурен/а да ја пријавиш?
80%
70%
60%
50%
40%
30%
20%
10%
0%
Наставник
Педагог/психолог
Родител или...
Директор на...
Не сум...
Друго


IV. Дали некогаш си пријавил неправда?
80%
70%
60%
50%
40%
30%
20%
10%
0%
Да
Не